# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

**Службен весник на РМ, бр. 67 од 14.05.2010 година**

**Член 1**

Во Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија" број 12/2009), во членот 13 ставот (2) се менува и гласи:

"Акционер со квалификувано учество во друштво за управување не може да стане лице или правно лице контролирано од лице:

1) на кое му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, додека трае забраната;

2) против кое е поведена стечајна постапка;

3) на кое му е изречена споредна казна:

- забрана за добивање дозвола за работење на друштво за управување со инвестициски фондови,
- одземање на дозвола за работење на друштво за управување со инвестициски фондови,
- привремена или трајна забрана за вршење на работи на управување со инвестициски фондови и
- забрана за основање на нови правни лица;

4) кое не поседува добра репутација со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на друштвото за управување и

5) кое не ги почитува одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките изречени од Комисијата, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на пазарот на хартии од вредност."

**Член 2**

Во членот 14 став (2) точката 1 се менува и гласи:

„1) доказ во врска со членот 13 став (2) точки 1, 2 и 3 од овој закон;".

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".